Заклучоци на Претседателството на МАНУ по повод реакциите во јавноста за *Македонската енциклопедија*

Претседателството на МАНУ, на состанокот одржан на 30 септември 2009 година, ги усвои следниве заклучоци:

Претседателството на МАНУ искажува длабока загриженост поради тоа што првата *Македонска енциклопедија* предизвика жестоки контроверзни реакции и несакано стана повод за нови меѓуетнички тензии во Р. Македонија, како и повод за серија незадоволства, анимозитети и реакции.

Претседателството на МАНУ се оградува и изразува загриженост за евентуалните ненамерни неточности содржани во првото промотивно издание на МЕ и ја уверува македонската и меѓународната јавност дека истите ќе ги коригира, без при тоа да врши ревизија на историските факти и без да ги иритира колективните емоции на заедниците кои се дел од современа Р. Македонија.

Претседателството на Македонската академија оценува дека МАНУ како врвна научна и институција во Република Македонија во ниеден момент не заземала ниту споделувала со било која инстанца никаков антиалбански анимозитет ниту продуцирала било каков вид на ксенофобичност по однос на етнички заедници во Република Македонија, ни спрема народите во регионот.

Претседателството на МАНУ ги отфрла непримерените обиди да се порекне и да се делегитимира МАНУ како врвна научна и уметничка институција.

Претседателството на МАНУ жали за несоодветните формулации кои крајно неинтенционално се провлечени во некои авторски текстови и спрема коишто искажаа резерви амбасадите на САД и на Велика Британија.

Реакциите на појавата на *Енциклопедијата* во домашната јавност покажуваат колку е важно постоењето на истраен и сериозен научен дијалог за сите отворени прашања на сегашноста и иднината. Поаѓајќи од сознанието дека науката и научниците треба да ја преземат одговорноста како главни протагонисти на векот на знаењата и науката, МАНУ, како и досега, е подготвена за научен дијалог со сите научници во Република Македонија по сите прашања третирани во проблематизираните одредници, како и за кое било друго прашање за кое постои научен интерес.

Поаѓајќи од овие констатации, Претседателството заклучи:

1. да се сопре натамошната дистрибуција на *Енциклопедијата;*

2. **да се пристапи, во најкус рок, кон исправка на оспорените одредници, особено на одредниците за** *Албанско-македонските врски и односи, Албанците во Македонија, Али Ахмети, Агресијата врл Македонија, ОНА* **и** *Гонџа Агнеза Бојаџиу***;**

3. се задолжува Редакцијата да ги изврши посочените исправки во соработка со членовите на МАНУ од редот на Албанците и со научни работници од редовите на немнозинските заедници во Р. Македонија од соодветните научни подрачја;

4. Претседателството на МАНУ ќе свика вонредно собрание на Академијата, на кое ќе се расправа за реакциите, критичките забелешки и сугестии во однос на *Енциклопедијата,* за работата на Главната редакција и за наредните чекори коишто ќе ги преземе во реализацијата на овој свој научен проект.

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА МАНУ